# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес

Излегува по потреба

www.veles.gov.mk

Број 10 година LVIII

20 јуни 2022 година

opve@veles.gov.mk


**Број 144**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за проширување на Буџетот на Општина Велес за 2022 година**

Се објавува Одлуката за проширување на Буџетот на Општина Велес за 2022 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 16.06.2022година.

Број 08 2956/1
20.06.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002год) а во врска со член 34 од Законот за буџети ( Службен весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016год.)по предлог на Градоначелникот на О.Велес,
Советот на општина Велес на 16-та седница,одржана на 16.06.2022 година, донесе:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес
За 2022 година

## Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаВелес за 2022 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки : | | | | | |
| **A00** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 741114 | Пренесен вишок на Приходи од претходната година | 0 | 1.040.000 | 0 | 0 |
| 742113 | Приходи од светската банка | 0 | 0 | 12.420.842 | 0 |
| 742119 | [illegible] | 0 | 0 | 1.977.196 | 0 |
| 744311 | Други тековни донации | 0 | 0 | 61.000 | 0 |
| | | **0** | **1.040.000** | **14.459.038** | **0** |
| и се распоредуваат на следните расходни потставки : | | | | | |
| **G10** | **ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | |
| 425990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 1.590.000 | 0 |
| **GA0** | **ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ** | | | | |
| 482720 | Изградба на капацитети за водоснабдување | 0 | 0 | 10.412.342 | 0 |
| 485230 | Компјутерски софтвер | 0 | 0 | -1.590.000 | 0 |
| 486190 | Купување на други моторни возила | 0 | 0 | 2.008.500 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420230 | Патување во странство - сместување | 0 | 0 | 738.296 | 0 |
| 423810 | Ситен инвентар | 0 | 0 | 61.000 | 0 |
| [illegible] | Други оперативни расходи | 0 | 0 | [illegible] | 0 |
| 464840 | Трансфери при пензионирање | 0 | 770.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 270.000 | 0 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 0 | 0 | 130.000 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 0 | 160.000 | 0 |
| 425760 | Примарни услуги во образованието | 0 | 0 | 32.000 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 380.000 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 3.000 | 0 |
| | | **0** | **1.040.000** | **14.459.038** | **0** |

Претседател на Советот на Општината
**Зоран Лутков**

**Број 145**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2022 година**

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2022 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 16.06.2022 година.

Број 08 2956/2
20.06.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општината Велес” бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седница одржана на 16.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2022 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2022 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 21/21 и 02/22) се врши изменување во членот 9, став 2, каде бројот „70“ се брише и се заменува со бројот „60“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2933/4
17.06.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р.

**Број 146**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување начин на времено користење на движни ствари од „Еко-камп со парк на авантури за деца и платформа за набљудување на птици на дел од Езеро Младост“, сопственост на Општина Велес по пат на електронско јавно наддавање**

Се објавува Одлуката за утврдување начин на времено користење на движни ствари од „Еко-камп со парк на авантури за деца и платформа за набљудување на птици на дел од Езеро Младост“, сопственост на Општина Велес по пат на електронско јавно наддавање, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 16.06.2022 година.

Број 08 2956/3
20.06.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 67 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), ), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес(„Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес, на седница, одржана на 16.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување начин на времено користење на движни ствари од „Еко-камп со парк на авантури за деца и платформа за набљудување на птици на дел од Езеро Младост, сопственост на Општина Велес по пат на електронско јавно наддавање**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува начинот на времено користење на движни ствари од „Еко-камп со парк на авантури и платформа за набљудување на птици на Езеро Младост“, сопственост на Општина Велес по пат на електронско јавно наддавање.

Движните ствари од „Еко-камп со парк на авантури и платформа за набљудување на птици на Езеро Младост“ се простираат на површина од 1500 $м^2$, која се наоѓа на КП 126/6 за КО Башино Село-вон град. (во понатамошниот текст дефинирани како –урбаната опрема)

**Член 2**

Урбаната опрема поставена и изградена на КП бр.126/6, КО Башино село-вон град, Општина Велес, е согласно посебно донесено Одобрение за поставување на урбана опрема со бр.08-2601/2 од 20.05.2022 година.

Одобрението е издадено врз основа на Проектот ЗА УРБАНА ОПРЕМА ЗА ЕКО-КАМП И ПАРК НА АВАНТУРИ ЗА ДЕЦА - Езеро „Младост“, технички број 07-2018-4 изработен од ДППУ„АРХИУМ“ ДООЕЛ Скопје, во согласност со Договор за Подгрант за инвестиции во инфраструктурата поврзана со туризмот LRCP-1/18-SG-34, наш број 08-407/5, од 20.05.2019, точка 5 „Одржливост“.

**Член 3**

Урбаната опрема во рамките на „Еко-кампот со парк на авантури за деца и платформа за набљудување на птици на дел од Езеро Младост“ се состои од :

| | |
|---|---|
| - Влезна порта на Главен влез, | 2 |
| - Информативни точки (паноа) | 2 |
| - Сервисен блок, рецепција, кујна, санитарии 70 $м^2$ | 1 |
| - Новопроектирана патека | 1 |
| - Дрвени камп куќички во форма на барик -11 $м^2$ по куќичка | 7 |
| - Летниковец | 4 |

| | |
|---|---|
| - Еко училница | 2 |
| - Игралиште за деца со 3 клацкалки, 3 лизгалки и 2 нишалки | 1 |
| - Игралиште – Брод од дрво | 1 |
| - Игралиште – Замок од дрво | 1 |
| - Лавиринт од жива ограда | 1 |
| - Дрвена трибина | 1 |
| - Патека за паркур со 8 групи реквизити | 1 |
| - Воздушна патека | 1 |
| - Канделабри – мали комплет со лира за осветлување | 43 |
| - Канделабри големи комплет со лира за осветлување | 18 |
| - Клупи | 5 |
| - Корпи за отпадоци | 5 |
| - Платформа за набљудување на птици | 1 |
| - Дрвена ограда – тараба | 1 |
| - Киоск за продажба на сувенири<br>- Имотен лист бр.1073 КО Башино село бруто површина 19,5 м$^2$, корисна површина 12 м | 1 |

**Член 4**

Општина Велес, согласно Одлуката за утврдување на станарди за поставување на времени објекти и урбана опрема („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/13,17/13 и 5/18) ќе врши издавање на Одобрение за поставување на урбана опрема, за секоја година по изминувањето на временската рамка во текот на целото времено користење на урбаната опрема.

**Член 5**

Урбаната опрема се дава на времено користење во траење од 5 години, во постапка која ќе се спроведува со електронско јавно наддавање преку електронски систем за јавно наддавање Е-ствари, врз основа на Објава, која ја објавува општината во дневен печат и на веб страната на општината.

**Член 6**

Проценетата вредност на Урбаната опрема, изнесува 27.252.013,оо денари, согласно извештајот за извршена процена на урбаната опрема, изработена од проценителска куќа “Шумантеви” ДООЕЛ Скопје со бр.22093 од 14.03.2022 година.

Почетната цена на месечниот надоместок за времено користење не смее да биде помала од 0.5% од проценетата вредност на урбаната опрема, така што истата изнесува 136.260,оо денари.

**Член 7**

Постапката за времено користење на урбаната опрема, ќе ја спроведе Комисијата за недвижни и движни ствари сопственост на Општина Велес, формирана од Советот на Општина Велес.

**Член 8**

За временото користење на урбаната опрема, помеѓу општината и најповолниот понудувач ќе биде склучен договор во кој ќе се уредат меѓусебните права, обврски и одговорности што произлегуваат со добивањето на правото за времено користење на урбаната опрема.

Договор ќе содржи:

- страни на договорот,
- предмет на договорот,
- намената за која се дава урбаната опрема,
- времето на користење,
- цената и начин на плаќање постигната со јавното наддвање,
- права и обврски на страните,
- обезбедување на побарувањата од договорот,
- услови за раскинување на договорот и
- други прашања од значење за реализацијата на договорот, согласно закон.

**Член 9**

Најповолниот понудувач е должен за целото време на користење на урбаната опрема да не ја менува намената на истата која е во согласност со проектот.

Доколку како корисник на урбаната опрема, има потреба од дополнување на урбаната опрема, промена, реконструкција, санација или адаптација при вршење на дејноста, не може без претходно добиена писмена согласност од општината да врши било каква промена.

**Член 11**

Корисникот е должен урбаната опрема и просторот на кој е поставена истата да ги користи со внимание во духот на добар домаќин и истите да ги одржува секогаш во испрвана состојба.

**Член 12**

Право на учество во електронскиот систем Е-ствари за издавање на времено користење на урбаната опрема имаат заинтересирани правни лица со регистрирана дејност.

**Член 14**

Надзор над спроведување на оваа одлука врши Одделението за урбанизам при Општина Велес.

**Член 15**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-2933/5
17.06.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р.

**Број 147**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за давање на стопанисување објект-Градски базен на ЈП „Парк –спорт и Паркинзи“ Велес и ЈКП „Дервен“ Велес, за летната сезона 2022година**

Се објавува Одлуката за давање на стопанисување објект-Градски базен на ЈП „Парк –спорт и Паркинзи“ Велес и ЈКП „Дервен“ Велес, за летната сезона 2022година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 16.06.2022 година.

Број 08 2956/4
20.06.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10, а во согласност со член 64, став 3 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) член 11 од Законот за облигационите односи („Службен весник на РМ“ бр. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/01, 04/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06,13/09, 18/10,15/14. 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.06.2022 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за давање на стопанисување објект Градски базен на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес и ЈКП „Дервен“ Велес за летната сезона 2022година**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Велес го дава на стопанисување објектот Градски базен посторен на КП 1798 запишан во ИЛ бр.23410 за КО Велес, сопственост на Општина Велес на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес и ЈКП „Дервен“ Велес за летната сезона 2022година.

**Член 2**

Деловните простории од објектот утврден во член 1 на оваа Одлука, се евидентирани, нумерирани и одбележани како етажни корисни површини и тоа:

-објект 1, намена помошни згради, површина 45м$^2$, м.в. „Алексо Деминевски“, влез 1, кат ПР, стан/;

-објект 2, намена помошни згради, површина 16м$^2$, м.в. „Алексо Деминевски“, влез 1, кат ПР, стан/;

-објект /,намена отоворен објект-базен, површина 1250м$^2$, м.в.„Алексо Деминевски “, влез 1, кат ПР, стан/;

-градежно земјиште, површина 5513м$^2$, м.в.„Алексо Деминевски“ и

-постојните угостителски шанкови, тенди и настрешници.

**Член 3**

ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес ќе биде носител на правото да стопанисува со објектот опишан во член 2 на оваа Одлука, согласно регистиранта дејност која ја има ова претпријатие.

Додека, ЈКП „Дервен“ Велес како јавно претпријатие ќе учествува во работењето на Градскиот базен за летната сезона 2022година, во делот на основната дејност која ја има оваа претпријатие.

**Член 4**

За работа со Градскиот базен за летната сезона 2022година, главниот носител на стопанисувањето со објектот ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес, во делот на економската уредност (цени на билети, издавање на шанкови и др.) ќе предложи до Советот на Општина Велес уреден ценовик за работењето со Градскиот базен, предложен од страна на Управниот одбор на претпријатието.

**Член 5**

ЈКП „Дервен“ Велес како јавно претпријатие, во работата на Градскиот базен ќе учествува со свои капацитети во делот на човечките ресурси и основното средство за работа на базенот, потребната количина на вода.

**Член 6**

Општина Велес, како сопственик на објектот ќе ги измирува обврските кои ќе настанат на страна на потпрошена електрична енергија и останати трошоци кои би се појавиле како неопходни за работењето на Градскиот базен за оваа сезона, за кои согласност ќе даде Советот на Општина Велес.

За целокупниот начин на работа на сите страни учесници, до Советот на општина Велес ќе биде доставен комплетен извештај за сработеното.

**Член 7**

За начинот на стопанисување со Градскиот базен за летната сезона 2022 година, со сите учесници ќе биде склучен Договор, во кој ќе бидат регулирани меѓусебните права и обврски.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2933/6 Претседател
17.06.2022 година на Советот на Општина Велес,
В е л е с Зоран Љутков с.р.

**Број 148**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за отстапување на теренско возило на ЈКП „Дервен“ Велес, согласно проект „Изградба на водоснабдителен систем во населено место Сопот “**

Се објавува Одлуката за отстапување на теренско возило на ЈКП „Дервен“ Велес, согласно проект „Изградба на водоснабдителен систем во населено место Сопот “, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 16.06.2022 година.

Број 08 2956/5
20.06.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес,(„Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10,15/14, 15/18 и 06/19), а согласно Договорот за гранд бр. 30 со арх. број 08-230/1 од 29.12.2021 година и Записникот за примопредавање на теренско патничко возило 05-1649/16 од 30.05.2022 година, а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.06.2022 година донесе

**О Д Л У К А**
**за отстапување на теренско патничко возило на ЈКП „Дервен“ Велес, согласно проект„Изградба на водоснабдителен систем во населено место „Сопот “**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Велес отстапува теренско патничко возило на ЈКП „Дервен“ Велес, добиено преку Проектот за изградба на водоснабдителен систем во населено место Сопот, гранд од Министерството за финансии, единица за управување со Проектот за подобрување на општинските услуги „МСИП“ Скопје.

**Член 2**

Теренското патничко возило марка Korando Digital Ultimate 1.6 D се отстапува за потребите на ЈКП „Дервен“ Велес за полесен пристап при управување и одржување на водоснабдителните системи во руралните средини.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2933/7
17.06.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р.

**Број 149**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за отстранување на објект во сопственост на Општина Велес (стара зграда -театар)**

Се објавува Одлуката за отстранување на објект во сопственост на Општина Велес (стара зграда -театар), што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 16.06.2022 година.

Број 08 2956/6
20.06.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 3 од Законот за користење и располагање со ствaрите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15,106/15,153/15,190/16,21/18 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) ), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес(„Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за отстранување на објект во сопственост на Општина Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Велес дава согласност за отстранување на објект од КП 4480/1 КО Велес, сопственост на Општина Велес, запишан во ИЛ бр.36262 за КО Велес, кој се наоѓа на ул.„Илинденска“ во Велес и се состои од:

-зграда 1, влез 1, кат К1, број /, намена на зграда В3 -10 други објекти од култура, намена на посебен дел ДП, со површина од 69м$^2$;

-зграда 1, влез 1, кат-ПР, број /, намена на зграда В3 -10 други објекти од култура, намена на посебен дел ДП .со површина од 217м$^2$ и

-зграда 2, влез 1, кат-ПР, број /, намена на зграда А5-4 останати помошни објекти, намена на посебен дел П, со површина од 65м$^2$

и

-објект од КП 4478 КО Велес сопственост на Општина Велес, запишан во ИЛ бр.36262 за КО Велес, кој се наоѓа на ул.„Илинденска“ во Велес и се состои од:

-зграда 1, влез 1 , кат К1 , број /, намена на зграда В3 -10 други објекти од култура, намена на посебен дел П, со површина од 30м$^2$ и

-зграда 1, влез 1 , кат ПР , број 1, намена на зграда В3 -10 други објекти од култура, намена на посебен дел ДП, со површина од 407 м$^2$.

**Член 2**

Објектите кои се утврдени во член 1 на оваа Одлука ќе се отстранат од наведените парцели, заради реализација на Детален урбанистички план за дел од УЕ IV и дел од УБ 47, во УЕ IX, КО Велес-Општина Велес, Одлука 25-2146/13 од 12.06.2020 година.

Надлежниот орган согласно Законот за градење, врз основа на ревидиран основен проект за отстранување на објектот ќе издаде одобрение за отстранување на градба.

За отстранувањето на објектот ќе биде изработен посебен елаборат за таа намена.

Отстранувањето ќе биде спроведено по даден налог, кон фирма избрана во постапка на јавна набавка за присилно административно рушење.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Велес, по донесувањето на оваа Одлука ќе пристапи кон изготвување на потребната документација и поведување на постапката за отстранување на објектот пред надлежниот орган.

По отстранувањето на објектот Градоначалникот на Општина Велес ќе пристапи и кон бришење на објектот од книгата на недвижности при Одделението за катастар на недвижности.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-2933/8
17.06.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р.

**Број 150**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес и Општина Кавадарци**

Се објавува Одлуката за утврдување предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес и Општина Кавадарци, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 16.06.2022 година.

Број 08 2956/7
20.06.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 5 став (1) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“, бр. 79/09), член 14 и 50 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09 18/10, 15/14,15/18,06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општината Велес, на седница одржана на 16.06.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување Предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес и Општина Кавадарци**

**Член 1**

Советот на Општина Велес го утврдува предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Велес и Општина Кавадарци поднесен од Градоначалникот на Општина Велес со бр. 08-2847/1 од 09.06.2022 година за вршење

на работи од областа на проценка на вредност на имот за предмети по данок на имот од страна на Општина Кавадарци за потребите на Општина Велес.

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука, процената од потребата за воспоставување на МОС за воспоставување на меѓуопштинска соработка од Градоначалникот на Општина Велес се доставува до Општина Кавадарци на прифаќање и усвојување.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2933/9
17.06.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р.

**Број 151**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Залучок за повлекување на точка од Дневен ред**

Се објавува Заклучокот за повелекување точка од Дневиот ред за 16 седница – „Предлог-одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Башино село“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.06.2022 година.

Број 08 2956/8
20.06.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.06.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за повлекување на точка од Дневен ред**

1. Точката, Предлог-одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Башино село, од дневниот ред на 16 та седница на Советот на Општина Велес, се повлекува од страна на предлагачот, поради проверка на податоците во истата.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување на во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2933/10
17.06.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Број 152**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Велес**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 16.06.2022 година.

Број 08 2956/9
20.06.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди и вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Сл.весник на РМ бр.56/11,162/12,95/13,109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на катастарски парцели во опфат на КО Велес со намена А4-викенд куќи, во идна урбанистичко планска документација и тоа:

1. КП бр. 14459/4 за КО Велес
2. КП бр. 13429 за КО Велес
3. КП бр. 10690 за КО Велес
4. КП бр. 10741 за КО Велес

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-2933/11
17.06.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Број 153**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој и евроинтеграции во 2022 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој и евроинтеграции во 2022 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.06.2022 година.

Број 08 2956/10
20.06.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“12/06,03/09,18/10,15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.06.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој во 2022 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој во 2022 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2933/12
17.06.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р.

Врз основа на член 22, став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ“.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес бр. 12/06, 03/09, 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 06/19), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.06.2022 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој и евроинтеграции во 2022 година**

1.Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој во 2022 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.20/19, 06/22 и 08/22) се вршат следните изменувања и дополнувања:

Во потточка „Активности на Општина Велес во 2022 година со обезбедени средства од надворешни фондови и проектни сметки во табелата, по редниот број 3 „ Г1 „Изградба на водоснабдителен систем во населено место Сопот“, во колона 1 се додава реден бр. „4“. Во колона 2 се додаваат зборовите „ ГА/Г1 Проект „Креативни Можности во Туризмот- CounТ“, во колона 3 се додава износот „10,821,001.53“.

Во дел „Вкупно“, во колона 4, се додава износот 41,615,505.53.

Табеларен приказ

| Активности на Општина Велес во 2022 година со обезбедени средства од надворешни фондови и проектни сметки | | |
|---|---|---|
| 1 | ГА Проект Паметни решенија за Велес ЕУ ИПА Програма ЕУ за општините (Уредување на централно градско подрачје) | 18,323,662.00 |
| 2 | Г1 Проект финансиран преку програмата РомАктед 2, реконструкција на домови на 25 ромски семејства | 50,000.00 |
| 3 | ГА „Изградба на водоснабдителен систем во населено место Сопот“, | 12,420,842.00 |
| 4 | ГА/Г1 Проект Креативни можности во туризмот-Count | 10,821,001.53 |
| | ВКУПНО | 41,615,505.53 |

2.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2933/12
17.06.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р.

**Број 154**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност на измена на Годишен план за вработување на Општина Велес за 2022 година**

Се објавува Решението за давање согласност на измена на Годишен план за вработување на Општина Велес за 2022 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.06.2022 година.

Број 08 2956/11
20.06.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 20-б, став 1, алинеја 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен Весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, и 35/18), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.06.2022 година, донесе

**Решение**
**за давање согласност на измена на Годишен план за вработување на Општина Велес за 2022 година**

1.Советот на Општина Велес дава согласност на измена на Годишен план

за вработување на Општина Велес за 2022 година со бр.08-1242/9 од 09.06.2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-2933/13
17.06.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

**Број 155**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан“ с.Иванковци**

Се објавува Решението за давање согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан“ с.Иванковци, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.06.2022 година.

Број 08 2956/12
20.06.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

